**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ**
**МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп.1 бр.** 11-454
**31.10.2014 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1, алинеја 1 и член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14) и Извештајот од вонредниот програмски надзор на **Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ НЕТ ДОО Струмица,** бр.11-5271/1 од 30.10.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на **Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ НЕТ ДОО Струмица**, Директорот на Агенцијата на ден 31.10.2014 година го донесе следното:

**Решение**
**за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси**

1. СЕ ОПОМЕНУВА **Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ НЕТ ДОО Струмица,** заради повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14) сторена на ден 29.10.2014 година, односно поради реемитување на телевизиски програмски сервиси кои не се регистрирани во дигиталниот програмски пакет од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3, Ultra, Mini Ultra, Lov i Ribolov и Cinemania.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на **Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ НЕТ ДОО Струмица,** веднаш по приемот на ова решение, да го исклучи реемитувањето на следниве нерегистрирани телевизиски програмски сервиси, и тоа: Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3, Ultra, Mini Ultra, Lov i Ribolov и Cinemania, и да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.

Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 29.10.2014 година, изврши вонреден програмски надзор на програмските сервиси реемитувани во дигиталниот програмски пакет на операторот **Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ НЕТ ДОО Струмица**, при што констатираше дека е направена повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), на начин што **Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ НЕТ ДОО Струмица**, реемитувало телевизиски програмски сервиси кои не се регистирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Повредата се состои од реемитување на телевизиски програмски сервиси кои не се регистрирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3, Ultra, Mini Ultra, Lov i Ribolov и Cinemania.

Следствено на тоа, врз основа на член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1, алинеја 1, и член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Извештајот бр. 11-5271/1 од 30.10.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение за преземење мерка-опомена, со цел исклучување на реемитувањето на нерегистрираните програмски сервиси и усогласување со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Агенцијата му наложи на операторот исклучувањето да го изврши веднаш по приемот на решението и да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Исто така, ќе се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали **Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ НЕТ ДОО Струмица**, постапил по налогот односно опомената и престанало со реемитување на програмските сервиси во својот програмски пакет, кои не се регистрирани во Агенцијата, а се наведени во точка 1 и 2 на ова решение.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог** (1)

1. Писмен извештај за извршен вонреден програмски надзор бр. 11-5271/1 од 30.10.2014 година.

Доставено до:
- Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ НЕТ ДОО Струмица;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ НЕТ ДОО Струмица;
- Раководител на Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

За: д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, Директор

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 30. 10. 2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 5271 | 1 | |

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ВОНРЕДЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

### ОПШТО ЗА НАДЗОРОТ:

Вонредниот програмски надзор во согласност со член 27 став 1, 2 и 4 и член 28 став 1, 2 и 3, а во врска со член 64 став 2, член 141 и член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), е спроведен врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи во Струмица, ТРД – оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ НЕТ ДОО Струмица на ден 29.10.2014 година, од страна на службено лице од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

### ВИД И ПРЕДМЕТ НА НАДЗОРОТ:

Вонреден програмски надзор е спроведен на следниве околности: кои програмски сервиси ги реемитува операторот, дали реемитува програмски сервиси за кои немаат потврда издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дали реемитува програмски сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско емитување, како и дали доколку реемитува програмски сервиси што се титлуваат на јазик различен од оригиналниот на тие сервиси има титлови на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20 отсто од граѓаните на Република Македонија.

КОНСТАТАЦИИ:

1. При извршениот вонреден програмски надзор врз операторот ТРД – оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ НЕТ ДОО Струмица на ден 29.10.2014 година, констатирано е дека овој оператор на подрачјето на Струмица, во рамките на дигиталниот пакет реемитува вкупно 70 програмски сервиси од кои 7 програмски сервиси не се опфатени со потврдите за регистрација на пакет програмски сервиси бр.1 од 14.05.2014, бр.2 од 21.05.2014 и бр.3 од 13.08.2014 година, издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3, Ultra, Mini Ultra, Lov i Ribolov и Cinemania.

ОПИС НА ПРЕКРШУВАЊЕТО:

1. Операторот на јавни електронски комуникациски мрежи ТРД – оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ НЕТ ДОО Струмица, на ден 29.10.2014 година во 14:00 часот, за своите претплатници, во рамките на дигиталниот пакет, ги реемитуваше следните телевизиски програмски сервиси за кои не е издадена потврда за нивно реемитување од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги: Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3, Ultra, Mini Ultra, Lov i Ribolov и Cinemania, со што постапи спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14).

Надзорот врз работата на наведениот оператор на јавни електронски комуникациски мрежи го изврши службено лице од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Бурим Хамиди.

Извештајот од извршениот програмски надзор врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи на ден 29.10.2014 година во Струмица е изработен од Бурим Хамиди.

Службени лица од АВМУ:

Бурим Хамиди ____________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

ПРЕДЛОГ МЕРКИ:

1. На ТРД – оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ НЕТ ДОО Струмица, согласно член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), да му се издаде решение со кое ќе се наложи веднаш да го исклучи реемитувањето на следните програмски сервиси во рамките на дигиталниот пакет: Sport Klub 1, Sport Klub 2, Sport Klub 3, Ultra, Mini Ultra, Lov i Ribolov и Cinemania.

2. По издавањето на решение со кое ќе се наложи исклучување на програмските сервиси да се направи контролен надзор врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи ТРД – оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ НЕТ ДОО Струмица, со цел да се утврди дали истиот постапил по таквото решение упатено од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во спротивно Агенцијата да поведе прекршочна постапка против овој оператор.

   Контролниот надзор да се изврши по доставена повратница од Македонска пошта дека решението е уредно примено од страна на операторот ТРД – оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ НЕТ ДОО Струмица.

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија.

Прилог (1):

- Извештај од извршен програмски надзор од страна на службено лице од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз операторот на јавни електронски комуникациски мрежи ТРД – оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ НЕТ ДОО Струмица

Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Бул. ВМРО бр. 3, 1000 Скопје
Тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401 е-пошта: contact@avmu.mk сајт: www.avmu.mk

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР ОД СТРАНА НА СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ОД АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Службеното лице Буран Хамиди од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија при извршениот програмски надзор врз работата на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа КАБЕЛ - НЕТ ДОО СТРУМИЦА - ДИГИТАЛЕН со седиште на ул.________________, на ден 23.10.14 во 14:00 часот го констатираше следното:

1. Листа на канали кои се затекнати за време на мониторингот:

| име на канал | име на канал | име на канал | име на канал |
|---|---|---|---|
| 1. НАША ТВ | 2. КАНАЛ 5 + | 3. СИТЕЛ 3 | 4. МРТ 3 |
| 5. HRT1 | 6. HRT 3 | 7. RTS - Sat | 8. OBN |
| 9. Sport klub 1 | 10. Sport klub 2 | 11. Sport klub 3 | 12. Fox Life |
| 13. Fox Crime | 14. TV 1000 | 15. Comedy Cent Ext | 16. Cinemania |
| 17. Nick JR | 18. ULTRA | 19. Boomerang | 20. Orland Kids |
| 21. Nat. Geographic | 22. Nat. Geogr. Wild | 23. Viasat Nature | 24. Lov i Ribolov |
| 25. Viasat Explorer | 26. Viasat History | 27. Russia Today Doc | 28. 24 kitchen |
| 29. Russia Today | 30. CNN | 31. Rai Uno | 32. Rai Due |
| 33. Nickelodeon | 34. Mini ULTRA | 35. Rai News | 36. Tele 5 |
| 37. SAT 1 | 38. Pro Sieben | 39. MTV Rock | 40. MTV Music 24 |
| 41. VH1 Classic | 42. VH1 | 43. DM - Sat | 44. Fan TV |
| 45. Balkanika | 46. RTL 2 | 47. Super RTL | 48. RTL |
| 49. MTV 2 | 50. ALSAT - M | 51. Planeta TV | 52. Info kanal |
| 53. MGM Balkan | 54. Extreme Sport | 55. Sport M | 56. History Channel |
| 57. КАБЕЛ ЕИНС | 58. MTV Adria | 59. MTV Hits | 60. MTV Dance |
| 61. Rime Levizy | 62. Crime & Invest | 63. Bloomberg | 64. MTV 1 |
| 65. СИТЕЛ | 66. КАНАЛ 5 | 67. АЛФА ТВ | 68. ТЕЛМА |
| 69. ТВ ВИС | 70. ИНТЕЛ ТВ | 71. — | 72. — |
| 73. — | 74. — | 75. — | 76. — |

Потпис на службеното лице

2. **Листа на канали кои не се регистрирани во Агенцијата:**

| име на канал | регулирани права | име на канал | регулирани права |
|---|---|---|---|
| 1. Sport klub1 | AA | 15. | |
| 2. Sport klub 2 | AA | 16. | |
| 3. Sport klub 3 | AA | 17. | |
| 4. Ultra | AA | 18. | |
| 5. Cinemania | AA | 19. | |
| 6. Lov i Ribolov | AA | 20. | |
| 7. Mimi Ultra | AA | 21. | |
| 8. | | 22. | |
| 9. | | 23. | |
| 10. | | 24. | |
| 11. | | 25. | |
| 12. | | 26. | |
| 13. | | 27. | |
| 14. | | 28. | |

3. **Забелешка**

За овие канали истечен договорот значи поради тоа му е кажано да ги реемитува програмските сервиси, Sport klub 1, Sport klub 2, Sport klub 3, Ultra, Cinemania, Lov i Ribolov и Mimi Ultra

Потпис на службеното лице